Australian Government

Services Australia



# Australian Pension News

Број 49

## Контактирање со Centrelink преку вашата онлајн сметка

myGov е едноставен и сигурен начин да добивате услуги на Australian Government, како што е Centrelink, преку интернет (онлајн) и на едно место. Повеќето од вашите информации во Centrelink може да ги добиете онлајн и да нема потреба да ни се јавувате.

За да имате пристап на Centrelink користејќи myGov, треба да отворите myGov сметка. Откако ќе отворите ваша myGov сметка, можете да го поврзете Centrelink со неа. Општо земено, треба да го потврдите вашиот идентитет користејќи документи како што е австралиски пасош. Ако ги немате потребните документи, може да ни се јавите (видете на страница 4) и ние ќе ви помогнеме.

myGov може да користите за да ги видите и ажурирате вашите податоци, да добивате пораки по електронски пат и безбедно да ни праќате документи. Откако ќе отворите ваша myGov сметка, може да ја снимите (download) myGov апликацијата.

Апликацијата овозможува лесно да пристапите на вашата сметка и да ги читате пораките, како и да пристапите на вашите поврзани услуги.

> За повеќе информации за myGov, видете на
> **servicesaustralia.gov.au/mygov**

## Дали се точни вашите податоци за контакт?

Важно е вашите податоци за контакт да ги одржувате точни, бидејќи може да има ситуации кога ќе треба да контактираме со вас за вашите исплати од Centrelink. Вашите податоци може да ги ажурирате преку вашата Centrelink интернет сметка користејќи myGov, или може да ни се јавите. Телефонските броеви се на страницата 4.

> За повеќе информации видете на
> **servicesaustralia.gov.au/phone-us**

## Австралија сега има 32 Social Security Agreements

На 1 февруари 2024 стапи на сила нов Social Security Agreement меѓу Австралија и Србија.

Општо земено, спогодбата овозможува лице кое живее во Србија да поднесе барање за Australian Age Pension. Спогодбата исто така овозможува периодите на престој во Австралија и периодите на социјално осигурување во Србија да се спојат, ако е потребно, за да се исполнат минималните услови за исплата.

> За повеќе информации видете на
> **servicesaustralia.gov.au/international-social-security-agreements**

## Чекови во странски валути

Од 19 декември 2024, Services Australia повеќе нема да прифаќа отплатување на долгови кон Centrelink со чекови во странска валута или со парични налози (money orders). Ако треба да отплатувате долг кон Centrelink, ќе треба да користите поинаков начин на плаќање кој е наведен во вашето писмо за долг (debt letter).

Нема промени како ќе ви се исплатува вашата исплата од Centrelink.

## Proof of Life Certificates

Ако сте постари од 80 години и живеете надвор од Австралија, можеби треба да пополните Proof of Life Certificate за да продолжите да ја добивате вашата австралиска исплата.

Во февруари 2024 година, списокот на лица овластени да го потпишат образецот Proof of Life е дополнет и вклучува:

- функционер во локална општина
- службеник во локална пензиска служба.

# Информации за вашите исплати

Секоја година ќе добиете 13 редовни 4-неделни исплати.

| Календар на исплата на 4-неделни пензии - октомври 2024 до декември 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на кој ќе ја пратиме вашата исплата** | **Корисниците на директна уплата (direct deposit) треба да ја добијат исплатата до** | **Корисниците со чек треба да ја добијат исплатата до** | **Исплатата го покрива периодот** |
| 17 октомври 2024 | 23 октомври 2024 | 6 Ноември 2024 | 19 Септември до 16 октомври 2024 |
| 14 ноември 2024 | 20 ноември 2024 | 4 декември 2024 | 17 октомври до 13 ноември 2024 |
| 12 декември 2024 | 18 декември 2024 | 1 јануари 2025* | 14 ноември до 11 декември 2024 |
| 9 јануари 2025 | 15 јануари 2025 | 29 јануари 2025 | 12 декември 2024 до 8 јануари 2025 |
| 6 февруари 2025 | 12 февруари 2025 | 26 февруари 2025 | 9 јануари до 5 февруари 2025 |
| 6 март 2025 | 12 март 2025 | 26 март 2025 | 6 февруари до 5 март 2025 |
| 3 април 2025 | 9 април 2025 | 23 април 2025 | 6 март до 2 април 2025 |
| 1 мај 2025 | 7 мај 2025 | 21 мај 2025 | 3 април до 30 април 2025 |
| 29 мај 2025 | 4 јуни 2025 | 18 јуни 2025 | 01 мај до 28 мај 2025 |
| 26 Јуни 2025 | 2 јули 2025 | 16 јули 2025 | 29 мај до 25 јули 2025 |
| 24 јули 2025 | 30 јули 2025 | 13 Август 2025 | 26 јули до 23 јули 2025 |
| 21 август 2025 | 27 август 2025 | 10 септември 2025 | 24 јули до 20 август 2025 |
| 18 септември 2025 | 24 септември 2025 | 8 октомври 2025 | 21 август до 17 септември 2025 |
| 16 октомври 2025 | 22 октомври 2025 | 5 ноември 2025 | 18 септември до 15 октомври 2025 |
| 13 ноември 2025 | 19 ноември 2025 | 3 декември 2025 | 16 октомври до 12 ноември 2025 |
| 11 декември 2025 | 17 декември 2025 | 31 декември 2025 | 13 ноември до 10 декември 2025 |

* Испораката на чекови може да биде подоцна поради доцнење во поштенскиот сообраќај.

## Исплати со директна уплата (direct deposit)

Во повеќето земји пензиите ги уплатуваме директно на сметка во банка. Го поттикнуваме овој начин на исплата затоа што е сигурен, брз и безбеден.

Ако пензијата ја добивате со директна уплата на вашата сметка во банка, уплатата ќе биде на располагање 2 до 6 дена после издавањето на налогот за исплата. Државен празник во вашата земја може да го забави добивањето на вашата исплата. Ако вашата исплата не пристигнала во рок од 10 дена, проверете во вашата локална банка пред да ни се јавите.

## Неработни денови на International Services

| International Services нема да работат на: | |
|---|---|
| Божик - државен празник | 25 декември 2024 |
| Boxing Day - државен празник | 26 декември 2024 |
| Неработен ден за јавните служби | 27 декември 2024 |
| Нова година - државен празник | 1 јануари 2025 |
| Денот на Австралија - државен празник | 27 јануари 2025 |
| Велики Петок - државен празник | 18 април 2025 |
| Велики Понеделник - државен празник | 21 април 2025 |
| Денот на ANZAC - државен празник | 25 април 2025 |

# Стапки

Стапките на пензија што се исплатуваат надвор од Австралија, како и границите на приходи и имоти, се преразгледуваат во јануари, март, јули и септември секоја година.

# Стапки и граници

Овие износи во австралиски долари (A$) се само ориентациони и важат од 20 септември 2024, ако не е поинаку наведено.

| Пензии надвор од Австралија стапки и граници | САМЕЦ/САМИЦА | ДВОЈКА двајцата имаат право | ДВОЈКА еден партнер има право | ДВОЈКА разделена поради лошо здравје |
|---|---|---|---|---|
| **Колкава пензија [1, 2, 3, 4]** | **Годишно** | **Годишно** | **Годишно** | **Годишно секој** |
| Максимална основна стапка | A$27,224.60 | A$41,043.60 | A$20,521.80 | A$27,224.60 |
| Основен Pension Supplement | A$751.40 | A$1,237.60 | A$618.80 | A$751.40 |
| **Вкупно** | **A$27,976.00** | **A$42,281.20** | **A$21,140.60** | **A$27,976.00** |
| Дозволен приход [5,6] | Годишно | Комбинирано | Комбинирано | Комбинирано |
| Полна пензија | до A$5,512.00 | до A$9,672.00 | до A$9,672.00 | до A$9672.00 |
| Делумна пензија | Помалку од A$61,464.00 | Помалку од A$94,234.40 | Помалку од A$94,234.40 | Помалку од A$121,576.00 |
| Дозволени имоти [7] | САМЕЦ/САМИЦА | Комбинирано | Комбинирано | Комбинирано |
| Полна пензија — Сопственик на куќа | A$314,000 | A$470,000 | A$470,000 | A$470,000 |
| Полна пензија — Не е сопственик на куќа | A$566,000 | A$722,000 | A$722,000 | A$722,000 |
| Делумна пензија — Сопственик на куќа | Помалку од A$672,750 | Помалку од A$1,012,500 | Помалку од A$1,012,500 | Помалку од A$1,187,500 |
| Делумна пензија — Не е сопственик на куќа | Помалку од A$924,750 | Помалку од A$1,264,500 | Помалку од A$1,264,500 | Помалку од A$1,439,500 |
| Проценети стапки и граници | САМЕЦ/САМИЦА | Комбинирано | Комбинирано | Комбинирано |
| Граница | A$62,600 | A$103,800 | A$103,800 | A$103,800 |
| Износ под граница | 0.25% | 0.25% | 0.25% | 0.25% |
| Износ над граница | 2.25% | 2.25% | 2.25% | 2.25% |

Овие стапки се однесуваат на клиенти кои се постојано надвор од Австралија или се отсутни од Австралија подолго од 6 недели.

1. Износот на исплатата ја пресметуваме врз основа на проверки и на приходите и на имотите. Ја применуваме проверката чиј резултат е пониска стапка или е нулта стапка. Се проценува дека некои имоти носат приход и постојат специјални правила за други видови на приход. За лица кои се трајно слепи нема проверки на приходи и имоти.
2. Некои корисници може да добиваат намалена стапка на пензија врз основа на тоа колку долго се жители на Австралија.
3. Некои корисници може да добијат преодна стапка на пензија врз основа на правилата за процена на приходи пред 20 септември 2009. За тие корисници преодната стапка ја споредуваме со сегашната стапка. Ако сегашната стапка е иста или повисока, ќе ја исплатуваме сегашната стапка. Откако ќе ја добиете сегашната стапка на пензија, не може да се вратите на преодната стапка.
4. Корисници може да добијат повисока стапка на „Disability Support Pension" ако се помлади од 21 година и немаат зависни деца. За повеќе информации видете на **servicesaustralia.gov.au/dsp**
5. Приходи под A$212 на две недели за самци/самици и A$372 на две недели за двојки комбинирано, нема да влијаат на стапката на пензија. Тоа се вика „income free area". За секој долар над „income free area", ја намалуваме стапката за A$0.50c за самци/самици и за A$0.25c за секој член на двојка. „Income free area" се применува после секој „Work Bonus" износ. За повеќе информации видете на **servicesaustralia.gov.au/income**
6. „Work Bonus" им помага на корисниците кои ги исполнуваат условите да заработат поголем приход од работа без да се намалат нивните пензии. За повеќе информации видете на **servicesaustralia.gov.au/work-bonus**. „Work Bonus" не се применува кај преодната стапка на пензија.
7. Корисниците може да имаат имоти до извесна вредност без тоа да влијание на нивните пензии. Тоа се вика „asset free area". Постојат различни „asset free areas" што се применуваат во зависност од статусот на врска на корисникот и на неговиот/нејзиниот статус на сопственост на куќа или стан. На нашата веб-страница видете го комплетниот список на „asset free areas". За секои A$1,000 вредност на дополнителни имоти над „asset free area", ги намалуваме стапките за A$3 на две недели за самци/самици и за A$1.50 на две недели за секој член на двојка. Во проверките на имот не вклучуваме извесни имоти. За повеќе информации видете на **servicesaustralia.gov.au/assets**

## Странски курсни листи се достапни на интернет

Износот на исплата што го добивате го пресметуваме врз основа на проверка на приходи и имоти. Ако имате имоти во друга земја или добивате приход од друга земја, треба да ја пресметаме нивната вредност во австралиски долари. За таа цел ја користиме курсната листа. Информации за курсната листа објавуваме на нашата интернет страница.

Курсната листа може да ја видите на **servicesaustralia.gov.au/international**

## Следете ги најновите информации за стапките на пензиите и датумите на нивна исплата

За најнови информации за стапките на пензии и датумите на исплата надвор од Австралија, видете на **servicesaustralia.gov.au** и побарајте **payment rates outside Australia (стапки на исплати надвор од Австралија).** Износите на пензии и дозволените граници на приходи и имоти ги ажурираме на нашата интернет страница штом ќе дојде до промени.

Овој билтен е исто така достапен на нашата интернет страница - одете на **servicesaustralia.gov.au/customer/publications/int001**

**Одречување на одговорност:** Commonwealth of Australia се обиде да обезбеди информациите во оваа публикација да се точни. Меѓутоа, Commonwealth не гарантира дека информациите се точни или целосни, ниту ќе биде одговорен за било кои загуби што ќе ги има било кое лице затоа што се потпрело на нив на кој и да е начин. Треба да контактирате со Australian Government Services Australia за сите детали за кои било права и услуги за кои можеби ги исполнувате условите, или за тоа како било кои претстојни промени на закони, програми или услуги може да имаат влијание на вас.

## Како да контактирате со нас

Одете на **servicesaustralia.gov.au**, за да најдете информации за вашите исплати и за други исплати и услуги.

Јавете ни се од понеделник до петок, меѓу 8 наутро до 5 попладне, по времето во Хобарт.

Оваа услуга може да не е достапна од сите места во вашата земја.

Ако оваа услуга не е достапна или сте во земја која не е на списокот, ве молиме контактирајте со нас на **+61 3 6222 3455.**

Исто така може да ни пратите факс на **+61 3 6222 2799** или да ни пишувате на адреса:

**International Services**<br>**PO Box 7809**<br>**Canberra BC ACT 2610**<br>**Australia**

Во вашето обраќање ве молиме наведете го вашето име и презиме, Centrelink Customer Reference Number и вашиот телефонски број.

Прикажаните броеви бирајте ги без меѓународните кодови или кодовите на земји пред бројот.

| | |
|---|---|
| Австрија | **0800 295 165** |
| Канада | **1888 2557 493** |
| Кина (Северна)* | **10 800 6100 427** |
| Кина (Јужна)* | **10 800 2611 309** |
| Данска | **8088 3556** |
| Германија | **0800 180 2482** |
| Грција | **0080 0611 26209** |
| Индија | **000 800 61 01098** |
| Индонезија | **001 803 61 035** |
| Ирска | **1800 200 333** |
| Италија | **800 781 977** |
| Република Кореја | **003 081 32326** |
| Холандија | **0800 0224 364** |
| Нов Зеланд | **0800 441 248** |
| Филипини | **1800 1611 0046** |
| Полска | **00 800 6111 220** |
| Португалија | **800 861 122** |
| Сингапур | **800 6167 015** |
| Шпанија | **900 951 547** |
| Тајланд | **001 800 611 4136** |
| Турција | **00 800 6190 5703** |
| Обединети Арапски Емирати | **800 061 04319** |
| Велика Британија | **0800 169 5865** |
| САД | **1866 3433 086** |

* Кина (Северна) ги вклучува провинциите Беѓинг, Тјанџин, Хебеј, Шангси, Внатрешна Монголија, Хе лонгџианг, Лиаонинг, Џилин, Шандонг и Хенан. Сите други провинции ги сметаме за Кина (Јужна) за оваа цел.

INT001.2410 - MK